

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ 2022

Центар за Управување со Промени

# СОДРЖИНА


**КРАТОК ВОВЕД** ........ **4**

**ЗА НАС, МИСИЈА И ВИЗИЈА** ........ **5**

**РЕЗУЛТАТИ ОД ПРОЕКТИ** ........ **6**

1.ДИГИТАЛИЗАЦИЈА НА УСЛУГИ ВО ОБРАЗОВНИОТ СЕКТОР ........ 7

2.ПОДДРШКА НА РЕФОРМИ ЗА УПРАВУВАЊЕ ВО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ОДБРАНА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ........ 9

3.ПОДОБРУВАЊЕ НА ОРГАНИЗАЦИСКАТА СТРУКТУРА НА ПАТРОНАЖНАТА СЛУЖБА ........ 11

4.ИНСТИТУЦИОНАЛЕН ГРАНТ ОД ПРОГРАМАТА ЦИВИКА МОБИЛИТАС ........ 13

4.ВКЛУЧУВАЊЕ НА МЛАДИТЕ ВО КОНСТРУКТИВЕН ДИЈАЛОГ: КОМУНИСТИЧКОТО МИНАТО ВО СОВРЕМЕН ЗАПАДЕН БАЛКАН ........ 15

5.МЕРКИ ЗА ЗАЈАКНУВАЊЕ НА ЖЕНСКИ БИЗНИСИ ПО КОВИД-19 ........ 17

6.ПРОГРАМА ЗА ЗАЈАКНУВАЊЕ НА КАПАЦИТЕТИТЕ НА СЛУЖБЕНИЦИТЕ И СЛУЖБЕНИЧКИТЕ ОД ЈАВНИОТ СЕКТОР ........ 20

7.БОРБА ПРОТИВ ДИСКРИМИНАЦИЈАТА ПРЕКУ ПОДДРШКА НА КОМИСИЈАТА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА ........ 21

8.ПОТТИКНУВАЊЕ НА ДОБРО УПРАВУВАЊЕ И РЕФОРМИ ВО ЈАВНАТА АДМИНИСТРАЦИЈА ........ 24

9.РЕСУРСЕН ЦЕНТАР ЗА РОДОВО ОДГОВОРНО КРЕИРАЊЕ ........ 26

10.ПРОГРАМА ЗА ПАРЛАМЕНТАРНА ПОДДРШКА ........ 28

**ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ** ........ **31**

# КРАТОК ВОВЕД

Овој документ ги претставува клучните достигнувања и постигнатите резултати во 2022 година на **Центарот за управување со промени (ЦУП)**. Воедно, овој документ дава кратко резиме за сите проекти кои ЦУП ги имплементираше во 2022 година, како и увид во постигнатите резултати во рамки на истите. Исто така, обезбедува увид до други релевантни документи како што се финансиските извештаи, билансот на приходи и расходи и билансот на состојба, првенствено насочени кон извршниот директор, финансискиот директор и членовите на управниот одбор. Но, тука се и донаторите со кои ЦУП има воспоставено успешна долгогодишна соработка која ја негува од моментот на создавањето во 2009 година, надополнувајќи ја со покажување на лојалност кон постоечките и надоградувајќи ја со многу нови донатори. Секако, овој документ претставува и добра подлога за надворешните ревизори на кои ќе им биде од помош во подготовката за ревизија на годишните извештаи и сметки. Воедно, опфатени се и очекувањата и предизвиците со кои организацијата, преку проектите кои ги имплементира, ќе се соочи во новата 2023 година, која според предвидувањата и прогнозите на економските експерти ќе биде предизвик за целокупното општество.

Живееме во период на историски, економски, општествени и геополитички промени. Светот во 2022 година преку глобалните промени со кои се соочи не наликува на светот од 2019 година. Дополнително, во 2022 година Северна Македонија се соочува со инфлација која е на највисоко ниво од осамостојувањето на земјата, синџирите на снабдување кои сè повеќе се стегаат, додека војната помеѓу Украина и Русија влијае на целокупните трошоци во економијата преку порастот на енергенсите. Сепак, Северна Македонија го следи чекорот на развиените земји на трансформација на економијата и општеството во технолошки развиена земја со висок степен на дигитализација. Дополнително, Северна Македонија ги спроведува преговорите за членство во Европската Унија кои бараат целосно реформирање на институциите и владеење на правото, области кои ЦУП долгорочно ги поддржува. Сето ова претставува предизвик кој го става општеството пред голема историска шанса за напредок, нудејќи можности за модернизација преку прилагодување кон барањата на глобалниот свет.

Воедно, 2022 година претставува плодна година за ЦУП, со постигнати резултати остварени преку проектните активности. Како најзначајни резултати за кои подолу во извештајот станува збор ги издвојуваме дигитализацијата на услуги во образовниот сектор, поддршка на бизниси управувани од жени претприемачки за надоградба на своето знаење и себепромоција за да се пробијат на македонскиот пазар и да генерираат приходи кои ќе им помогнат полесно да се прилагодат на новонастанатата ситуација на пазарот. Исто така усовршување на процесите за јавните набавки во Министерството за одбрана, поддршка за воспоставување и работа на Ресурсниот центар за родово одговорно креирање политики и буџетирање, повеќе клучни документи за работата на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, но и поддршка на реформите на Собранието на Република Северна Македонија за зајакнување на неговата улога.

ЦУП во 2022 година продолжи со промените преку соработка со институциите од јавниот сектор кои се главен партнер во градење на промените кон кои цели нашата организација.

# ЗА НАС, МИСИЈА И ВИЗИЈА

## За нас

Центарот за управување со промени е водечка think tank организација која делува во насока на постигнување позитивни промени во општеството, преку својата експертиза и знаење во конкретните области и преку истражување на иновативни начини на делување, и претставува инкубатор на нови идеи и современи практики. ЦУП и во 2022 година продолжи со својата долгогодишна соработка и партнерство со голем број на институции од областа на јавната администрација, како и граѓански организации, истовремено пружајќи соработка и поддршка на малите бизниси во сопственост на жени претприемачки, во насока на нивно зајакнато делување и развој.

## Визијата на ЦУП

Се залагаме за иднина во која граѓаните имаат висок квалитет на живот во современо општество засновано на принципи на добро управување, владеење на правото, економски просперитет и почитување на европските вредности.

## Мисијата на ЦУП

ЦУП анализира, истражува и предлага соодветни и стручни решенија за прогресивни промени кои придонесуваат за модернизација и професионализација на администрацијата, ЕУ интеграцијата и социоекономскиот развој на нашата држава.

## Вредности на ЦУП




## ОБЛАСТИ НА ДЕЛУВАЊЕ





# РЕЗУЛТАТИ ОД ПРОЕКТИ

# 1.ДИГИТАЛИЗАЦИЈА НА УСЛУГИ ВО ОБРАЗОВНИОТ СЕКТОР

**Период на спроведување на проектот: 01.10.2021 - 31.03.2022**

Проектот е финансиран од Владата на Обединетото Кралство, преку Британската амбасада во Скопје.

Краен корисник на проектот е Министерство за образование и наука и сите корисници на е-услуги.

**Во рамки на проектот „Дигитализација на услуги во образовниот сектор“, ЦУП продолжи и успешно комплетираше уште еден проектен циклус во областа на дигитализацијата на услугите во образовниот сектор во соработка и за потребите на МОН како давател на услугите.**

**Комплетно беа дигитализирани две услуги:**

**1. Е-услуга за упис на ученици во средните училишта**
**2. Електронски систем за повици за финансирање научни и истражувачки проекти**

Проектот ја поддржа дигитализацијата во образовниот сектор преку воведување нови електронски услуги на Министерството за образование и наука (МОН), со цел да се подобри ефикасноста и квалитетот на дадените услуги и намалување на физичките контакти. Воедно, преку дигитализација беше направено и реорганизирање на внатрешните процеси во МОН за овие услуги, а беа зајакнати и капацитетите на МОН за администрирање и испорака на услугите за граѓаните.




После изработката на системот, беше организирана конференција на која беше презентиран системот за упис во средно училиште пред директорите и замениците на директорите на сите средни училишта во државата. Соработката со училиштата продолжи и со организација на онлајн обуки за деталите за користење на новиот

систем за сите средни училишта во Република Северна Македонија, претставници од Министерството за образование и наука, како и сите класни раководители во деветтите одделенија во основните училишта, со цел подобро запознавање со алатката и непречено спроведување на уписите.

За да се запознае јавноста со новата електронска услуга, заедно со МОН спроведовме медиумска кампања во чии рамки беа изработени анимирани видеа и промотивни дизајни, кои беа дисеминирани преку традиционални и социјални медиуми.

За успехот на овој производ говори фактот дека преку воведената апликација за електронско аплицирање за упис во средно образование за учебната 2022/2023 година, до Министерството за образование и наука (МОН) стигнале вкупно 14 илјади апликации од ученици.

Проектот го заокруживме со официјално предавање на изработениот систем на Министерството за образование и наука.

# 2.ПОДДРШКА НА РЕФОРМИ ЗА УПРАВУВАЊЕ ВО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ОДБРАНА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**Период на спроведување на проектот: 15.09.2021 - 31.03.2022**

Проектот е финансиран од Владата на Обединетото Кралство, преку Британската амбасада во Скопје

Краен корисник на проектот е Министерство за одбрана

**Крајниот резултат на проектот „Поддршка на реформи за управување во Министерството за одбрана на Северна Македонија“ е да се подобри ефективноста и ефикасноста на МО преку функционално управување со јавните набавки.**

**Среднорочно и долгорочно, развиениот е-систем за управување со јавни набавки треба да овозможи навремено планирање и подготовка на набавки и успешна имплементација на тендерските постапки со стандардизирани документи, притоа минимизирајќи го ризикот од корупција и судир на интереси.**

**Координираното планирање и спроведување на јавните набавки во МО ќе придонесат за целосно подобро функционирање на институцијата.**

Главна цел на проектот е подобрено управување во Министерството за одбрана преку воспоставување систем за планирање, следење и рано предупредување во врска со процесите за јавни набавки управувани од Министерството за одбрана.



Проектот подготви електронски систем за потребите на МО со модули за планирање и следење на реализацијата на Годишниот план за јавни набавки, преку автоматизирана изработка на сите тендерски документи, договори, како и детално следење на реализацијата на секоја набавка согласно потребите на МО. Предностите на системот вклучуваат автоматизирано подготвување документи, нотификации за потреба од набавки и за рокови на различните процеси во спроведувањето на набавките, како и непречен увид во статусот на набавките од страна на раководството заради подобро управување.

Системот е целосно изработен и е во фаза на тестирање, а ќе почне да се применува во 2023 година.



# 3.ПОДОБРУВАЊЕ НА ОРГАНИЗАЦИСКАТА СТРУКТУРА НА ПАТРОНАЖНАТА СЛУЖБА

**Период на спроведување на проектот: 01.11.2021 - 01.06.2022**

Проектот е финансиран од UNICEF

Краен корисник на проектот е патронажната служба која е дел од Здравствен дом Скопје

**Проектот „Подобрување на организациската структура на патронажната служба“ опфати аспекти поврзани со институционална организација и развој на човечкиот капитал, поточно систематизација на работни позиции, опис на работни позиции и компетенции (општи и професионални), како и управување со перформансите на службата и вработените.**

**Услугите кои ги нуди патронажната служба се потребни на граѓаните, но е неопходно да се организираат подобро заради нивна поефикасна и поквалитетна испорака за граѓаните.**

Претходната утврдена состојба од страна на УНИЦЕФ е дека во здравствениот сектор, поточно во Поливалентна патронажа која е организирана во рамките на Здравствениот дом Скопје, превентивната и примарната грижа е на незадоволително ниво. Од таа причина беше воспоставена соработка со ЦУП за унапредување на организацијата и функционирањето на патронажната служба. ЦУП спроведе функционална анализа на поливалентната патронажа, која даде детален преглед на проблемите во работата. Врз основа на наодите од анализата беа подготвени и насоки за јакнење на институционалната организација и развој на службата, јакнење на капацитетите на вработените, унапредување на систематизацијата и описите на работните позиции и компетенциите (општи и професионални), како и на управувањето со перформансите на патронажната служба. Ваквите институционални реформи треба да придонесат за зајакнато, координирано управување и функционирање на патронажната служба, како начин да се влијае на подобрување на услугите на повеќе групи корисници на услугите на службата.



Во рамки на проектот во 2022 година беа спроведени бројни работилници за функционалната анализа и препораките да бидат изработени во инклузивен процес со сите вработени во патронажната служба. Притоа спроведени се и повеќе активности:

- Во рамки на проектот беше подготвена предлог-рамка за компетенции за патронажните сестри со хиерархиска диференцијација на компетенциите за различни работни позиции, поврзана со препорачаните измени на Актот за систематизација на работните позиции, образовните квалификации, нивото на одговорност на медицинските сестри итн., како и со Европската рамка на квалификации за патронажни сестри. Беше подготвен и предлог-систем за мерење на учинокот на патронажната служба со образец за оцена на успешност. Системот за оцена на успешност би требало да се користи за создавање на заедничка основа за евалуација на работните места, натамошно подобрување на услугите кои се даваат, како и воведување на унапредувања во здравствениот сектор, особено во патронажната служба.

Препораките од проектот беа директно засновани и на потребите на граѓаните од услуги од патронажната служба, кои беа идентификувани преку теренско истражување на нивото на задоволство на граѓаните од патронажната дејност и нивните потреби од патронажни услуги.

# 4.ИНСТИТУЦИОНАЛЕН ГРАНТ ОД ПРОГРАМАТА ЦИВИКА МОБИЛИТАС

**Период на спроведување на проектот: 01.07.2019 - 30.06.2022**

Проектот е финансиран од програмата Цивика мобилитас, која е проект на Швајцарската агенција за развој и соработка (СДЦ)

Краен корисник на проектот е Центарот за управување со промени и неговите вработени

**Преку „Институционалниот грант поддржан од програмата на Цивика мобилитас“, која е проект на Швајцарската агенција за развој и соработка (СДЦ), претставена од Швајцарската амбасада во Република Северна Македонија, Центарот за управување со промени ги зајакна своите внатрешни капацитети и своето присуство во стручните кругови во рамки на областите на делување на организацијата, како и во јавноста, односно пред граѓаните.**

За време на имплементацијата на овој проект ЦУП зема активно учество на обуки кои придонесоа за институционално јакнење на тимот на ЦУП, но и настани за вмрежување и создавање на контакти со други граѓански организации. Некои од поважните активности се следните:

Во рамки на проектот Цивика мобилитас, ЦУП зема учество на Фестивалот под наслов – *„Ден на граѓанските организации и социјалните претпријатија“*, поддржан од програмата на ЦИВИКА. На овој фестивал преку 100 граѓански организации имаат можност за презентирање на својата работа пред граѓаните, како и можност за вмрежување со другите граѓански организации кои беа дел од овој настан. За време на фестивалот кој се одржа во паркот пред Дом на АРМ, граѓаните имаа можност поблиску да се запознаат со нашата работа, а граѓанските организации да се вмрежат со цел остварување на идна соработка.



Воедно, ЦУП активно работеше на Кодексот за граѓански организации, чиј потписник е исто така. Истовремено зема и активен придонес во неговата изработка преку дискутирање на дилемите и прашањата кои се однесуваат на придобивките од неговото спроведување. Кодексот е алатка за зајакнување на системот на саморегулација која треба да придонесе за поголема професионалност и отчетност на граѓанските организации.

Исто така, преку овој проект ЦУП беше активен и учествуваше на голем број настани подржани од проектот Цивика мобилитас, но истовремено и зема активно учество со давање на свои предлози. Еден од нив е и предлогот упатен до Министерството за финансии за промените во даночниот систем. Имплементацијата на даночните промени, Владата активно ќе започне да ја применува од 1 јануари 2023 година. ЦУП преку групата ЦИВИТАКС, основана во 2018 година, како неформална група од 14 основачки и 29 придружни влијателни граѓански организации и физички лица, се произнесе со генерален став (линк).

Воедно, ЦУП учествуваше на голем број на обуки кои придонесоа за јакнење на знаењето и надоградбата на тимот на ЦУП. Некои од нив се Средбата за вмрежување одржана во мај 2022 во Охрид, како и обуките за *„Одговорно работење и етичко финансирање на граѓански организации“* и *„Иновативно финансирање и одржливост на граѓанските организации“*.

# 4.ВКЛУЧУВАЊЕ НА МЛАДИТЕ ВО КОНСТРУКТИВЕН ДИЈАЛОГ: КОМУНИСТИЧКОТО МИНАТО ВО СОВРЕМЕН ЗАПАДЕН БАЛКАН

**Период на спроведување на проектот: 01.02.2021 - 01.07.2022**

Проектот е финансиран од ЕУ, Програма - Европа за граѓаните

Краен корисник од проектот се студентите, практикантите и академици од 4 земји, Северна Македонија, Албанија, Франција и Италија

**Проектот „Вклучување на младите во конструктивен дијалог: Комунистичко минато во современ Западен Балкан“ вклучува студенти, практиканти и академици од Албанија, Северна Македонија, Франција и Италија, и има за цел да го поттикне националниот и транснационалниот младински активистички дијалог за одразот на минатите комунистички режими во современиот Западен Балкан.**

**Проектот е партнерство помеѓу Центарот за компаративни и меѓународни студии CCIS; Mesdheu Center (MC) Qendra SHKENCE DHE INOVACION PER ZHVILLIM (SCiDEV) (од Албанија); Центар за управување со промени (од Северна Македонија); Patrimoine sans Frontières (PSF) (Франција) и PERIPLI -Culture e Società Euromediterranee (Италија).**

Во 2022 година продолживме со имплементација и финализација на проектот „Вклучување на младите во конструктивен дијалог: Комунистичко минато во современ Западен Балкан“, финансиран и поддржан од Програмата - Европа за граѓаните (“Europa for Citizens”), каде ЦУП заедно со партнерите ги реализираа сите предвидени активности. Целта на проектот беше да ја подигне свеста и улогата на младите генерации, граѓанското општество, носителите на одлуки, историчари, академици, политичари во сеќавањето на минатото со цел градење на иднина на помирување и развој на модерни инклузивни општества и покрај историските контексти.



Активностите на проектот оваа година продолжија со реализирање на 4-тата и последна тематска работилница организирана од страна на партнерската организација

Patrimoine sans Frontières (PSF) од Франција. Работилницата со наслов „Национални идентитети и колективна меморија во проширена Европа“ се реализираше со учество на повеќе од 60 учесници од академската заедница, граѓанските организации, политичари и млади активисти и студенти.

Финална конференција беше организирана од страна на носечката организација во Тирана, каде беа споделени резултатите од проектот и беше промовирана Збирка од трудови од сите истражувачи кои беа вклучени во проектот со над 80 учесници.

# 5.МЕРКИ ЗА ЗАЈАКНУВАЊЕ НА ЖЕНСКИ БИЗНИСИ ПО КОВИД-19

**Период на спроведување на проектот: 15.07.2021 - 15.10.2022**

Проектот е финансиран од The Balkan Trust for Democracy

Краен корисник на проектот се жените претприемачки

**Проектот „Мерки за зајакнување на женски бизниси по КОВИД-19“ беше насочен кон развој на женското претприемништво и спроведување на активности, изнаоѓање решенија и нудење предлог-мерки за ревидирање на постоечките владини програми коишто се насочени кон деловниот сектор, со цел да се олеснат економските последици кои произлегоа од кризата со Ковид-19, со посебен фокус на поддршка на женското претприемништво.**

**Проектот се спроведуваше во три општини (Скопје, Охрид и Битола) од јули 2021 година и траеше до октомври 2022 година.**

Во текот на 2022 година ЦУП оствари соработка со сопругата на претседателот, г-ѓа Елизабета Ѓоргиевска и под нејзино покровителство спроведе поголем број на активности во рамки на проектот кои имаа за цел зајакнување на женското претприемништво. Како резултат на овие активности се овозможи поголема промоција на женското претприемништво, поддршка на женските бизниси и вклучување на голем број на жени претприемачки. Во текот на 2022 година покрај предвидената менторска програма наменета за 9 женски бизниси, беа воведени и дополнителни активности како што е поддршката на жени од руралните средини, организирање на базари на жени претприемачки и маркетинг-кампања за истакнување на значењето на женското претприемништво за целокупната економија во земјата.



Во рамки на проектот во 2022 година беа спроведени следните активности:

- Менторска програма која вклучи пет генерички обуки за развој на бизниси и индивидуални менторски работилници за секој од женските бизниси вклучен во менторската програма.

- Конференции и базари беа организирани на следните теми:

1. По повод 8-ми март беше организирана конференција *„Од марш за работнички права до дигитална економија“*.
2. По повод Денови на занаетчиството, во претседателската резиденција беше организирана тридневна изложба на 30 женски бизниси од занаетчискиот сектор.
3. Завршната конференција на проектот беше организирана во Охрид. Во рамките на завршната конференција беше организиран базар. Дополнително, на вториот ден од настанот, Претседателот на РСМ г-дин Стево Пендаровски и неговата сопруга, г-ѓа Елизабета Ѓоргиевска, организираа отворен ден во претседателската вила во Охрид за жени претприемачи кои беа дел од финалната конференција и базарот.
4. По повод денови на еднаква плата на работното место беше организирана конференција на тема „Родова еднаквост на работното место“.
5. По повод Денови на руралната жена, во резиденцијата на Претседателот на РСМ беше организиран настан на тема „Предизвиците на руралните жени и нивните заложби“. Настанот вклучуваше конференција и изложба на земјоделски производи на жени земјоделки.

- Посета и промоција на женски бизниси. Во рамки на соработката со првата дама на РСМ беа спроведени и неколку посети на женски бизниси од страна на ЦУП тимот и г-ѓа Елизабета Ѓоргиевска со цел да се зголеми нивната промоција.

- Развој на рурално женско претприемништво. Една од активностите на проектот беше поттикнување на женското претприемништво во руралните средини. Преку оваа активност овозможивме економска активност на младите девојки од јуручките села, преку креирање на модерен дизајн и комерцијализација на традиционалниот накит изработен од жени од јуручките села. Оваа активност се реализираше во соработка со познатата македонска дизајнерка Јана Ацевска.
- Прирачник за развој на женски бизниси во услови на Ковид-19. Во рамки на проектот подготвено е упатство за развој на женски бизнис во услови на КОВИД-19.
- Документи на политики за развој на женското претприемништво. Со цел да се влијае на подобрување и ревизија на постојната владина програма за поддршка на бизниси во сопственост на жени, ЦУП во рамки на проектот подготви два документа со предлог-мерки и политики за развој на женското претприемништво.

- Маркетинг-кампања. Во рамки на проектот во текот на 2022 година беше спроведена активна маркетинг-кампања на проектот за рекламирање на женските бизниси кои беа дел од него. Во рамки на маркетинг-кампањата која се спроведе за 9-те бизниси кои беа дел од менторската програма беа спроведени следните маркетинг-активности:

  - Спроведување на маркетинг-кампања на медиумски ТВ канали за 9 бизниси
  - Изработени и промовирани 9 рекламни видеа
  - Изработка на корпоративен дизајн
  - Изработка на онлајн каталог на производи/услуги за 9 бизниси
  - Изработка на 9 веб-страници
  - Снимање на видео и радио подкаст за 10 женски бизниси

Дополнително беа изработени кратки видеа од организираните конференции и базари, и истите беа споделени на социјалните мрежи. За време на сите настани организирани во рамки на проектот беа присутни претставници на медиумите и истите беа пренесени на ТВ и социјалните медиуми.





# 6.ПРОГРАМА ЗА ЗАЈАКНУВАЊЕ НА КАПАЦИТЕТИТЕ НА СЛУЖБЕНИЦИТЕ И СЛУЖБЕНИЧКИТЕ ОД ЈАВНИОТ СЕКТОР

**Период на спроведување на проектот: 15.05.2022 - 15.11.2022**

Проектот е финансиран од мисијата на ОБСЕ во Скопје

Крајни корисници на проектот се вработените во јавниот сектор во РСМ

**Програмата за зајакнување на капацитетите на службениците и службеничките од јавниот сектор е поддржана од Мисијата на ОБСЕ во Скопје во рамки на проектот „Зајакнување на владеењето на правото и човековите права во Северна Македонија II“.**

**Програмата ја поддржува работата на Секторот за еднакви можности во Министерството за труд и социјална политика за градење на култура и капацитети на администрацијата за промовирање на принципите на еднаквост, недискриминација и прифаќање на различностите во јавниот сектор и пошироко во општеството.**

**Главна цел на проектот е зајакнување на капацитите на јавниот сектор и јавните службеници во областа на недискриминација и човекови права.**



Во рамки на овој проект, ЦУП организираше една серија на обуки за обучувачи од областа на принципот на еднаквост и недискриминација“, 4 каскадни обуки на темата „Принцип на недискриминација“ и три каскадни обуки на темата „Обврска за спроведување на принципот на еднаквост во јавниот сектор“. Овие обуки беа наменети исклучиво за јавни службеници од различни сектори и институции, како и од централната и законодавната, така и од локалната власт.

Обуките беа фасилитирани од експерти од областа на правото и човековите права, а беа одржани во просториите на Ресурсниот центар за родово одговорно креирање на политики и буџетирање, кој функционира во рамки на Министерството за труд и социјална политика.

# 7.БОРБА ПРОТИВ ДИСКРИМИНАЦИЈАТА ПРЕКУ ПОДДРШКА НА КОМИСИЈАТА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

**Период на спроведување на проектот: 01.06.2021 - 31.03.2023**

Проектот е финансиран од Владата на Обединетото Кралство, преку Британската амбасада во Скопје

Крајни корисници на проектот се Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (КСЗД) и граѓаните

**Проектот „Борба против дискриминација преку поддршка на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација“ е насочен кон градење на силна и професионална Комисија, која ќе биде поддржана од силна и професионална стручна служба.**

**Главна цел на проектот е воспоставување на функционален систем за заштита на основните права на граѓаните и спречување на дискриминација, преку ефективна работа на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (КСЗД).**

Предуслов за ефективно делување на КСЗД не е само Законот за спречување и заштита од дискриминација, туку и функционирање на службата што обезбедува основна поддршка за работата на членовите.

Во 2022 година, во рамки на проектот акцент се стави на размена и примена на добри светски практики со посебен осврт на практиките на телата за еднаквост на Обединетото Кралство. Односно, за КСЗД беше организирана менторска програма со Комисионерот за еднаквост од Северна Ирска г. Џерлот Кејрнеј (Jarlath Kearney), која започна со негова посета на КСЗД и одржување на неколку средби за запознавање и размена на практики на институциите. Потоа, следеа низа (онлајн) индивидуални консултации со членовите на Комисијата како и службениците на Комисијата. За комисионерите и вработените во Комисијата беше организирана студиска посета на телата за еднаквост во Лондон и Северна Ирска и менторската програма беше заокружена со финална посета на г. Џерлот Кејрнеј во Комисијата, преку групна менторска сесија за Комисијата.

Исто така, оваа година во КСЗД се работеше на креирање на Стратегија за превенција на структурната дискриминација и промоција на принципот на еднаквост на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација. Стратегијата се работеше преку низа средби за консултации со експерти од областа на човековите права и граѓанскиот сектор.

Бидејќи аналитичката дејност е важна за Комисијата да може ефикасно да ги извршува своите функции, организиравме две работилници за службата на Комисијата со ИТ експерти на темите - „Креирање и обработка на податочни сетови“, како и за „Отворени податоци“.



**Најзначајни активности кои беа реализирани во рамки на овој прокет се:**

- Изработка на едукативни е-модули наменети за деца на возраст од 6 до 15 години
- Спроведување на менторска програма

Во рамки на проектот во текот на 2022 години, па сѐ до завршување на проектот се спроведува менторска програма со комисионер од Комисијата за еднаквост на Северна Ирска. Комисионерот преку заеднички средби со физичко присуство и онлајн сесии со членовите и вработените во КСЗД, активно работат на зајакнување на нивните капацитети и перформанси.

Студиска посета на Обединетото Кралство, посета на Комисиите за еднаквост на Англија и Северна Ирска

- Изработка на џебни изданија за едукација

- Изработка на голем број внатрешни акти за Комисијата за спречување и заштита од дискриминација. Дел од нив се:

- Прирачник за постапување со претставки на КСЗД, Правилник за формирање на советодавни тела од експерти за одредени специфични прашања поврзани со работата на КСЗД, Прашалник до институции во врска со дискриминаторски основи во врска со членот 3 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, Прирачник за спроведување на мерки и акции за промоција на еднаквост и превенција од дискриминација во јавниот сектор, Акт за квартално информирање на јавноста за случаите за дискриминација, Правилник за службена легитимација, Правилник за волонтирање, Политика за приватност на КСЗД, Правилник за заштита на лични податоци, Правилник за безбедноста на обработката на личните податоци на КСЗД, Годишен план на активности, Годишен буџетски план, Social Media Analytics извештај, Social Media Content Calendar, Стратегија за маркетинг на социјални медиуми, Инфографици за

прикажување на податоци релевантни за работата на КСЗД, Одлука за надоместоци на трошоци за превоз, Правилник за барања за плаќања, Правилник за благајна, Процедура за измена и дополнување на буџет, Процедура за пренамена на буџет, Процедура за изработка на плати, Процедура за проекција на буџет, Процедура за проширување на буџет, Процедура за изработка на финансиски планови, Упатство за службени патувања, Процедура за спроведување на постапка за јавни набавки, План за јавни набавки за 2023 година, Промотивен видеоматеријал за работата на КСЗД, Стратегија за превенција на структурната дискриминација и промоција на принципот на еднаквост на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација.

- Настани кои беа реализирани во рамки на проектот:

- Промоција на Годишниот извештај за работата на КСЗД за 2021 година
- Работилници за зајакнување на капацитетите на вработените и членовите на КСЗД од областа на аналитичките функции на КСЗД
- Работилници за изготвување на внатрешните акти на КСЗД
- Обука за процесите за спроведување јавни набавки
- Работилници за изготвување на внатрешни акти од областа на финансиското работење
- Обуки наменети за зајакнување на капацитети од областа на финансиското работење на КСЗД
- Работилница - Користење на социјални медиуми за промоција на работата на КСЗД



# 8.ПОТТИКНУВАЊЕ НА ДОБРО УПРАВУВАЊЕ И РЕФОРМИ ВО ЈАВНАТА АДМИНИСТРАЦИЈА

**Период на спроведување на проектот: 01.07.2022 - 30.06.2023**

Проектот е финансиран од National Endowment for Democracy

Крајни корисници на проектот се институциите на јавниот сектор на централно и локално ниво

**Проектот „Поттикнување на добро управување и реформи во јавната администрација“ е насочен кон ставање на доброто владеење на врвот на политичката агенда со вклучување на мерки за добро владеење во сите стратешки политики на Владата.**

**Интервенцијата е дизајнирана да ги анализира постоечките проблеми поврзани со ефикасноста на јавната администрација, со цел да се развијат препораки и нови мерки за подобрување на управувањето во институциите.**

Во 2022 година ЦУП започна со имплементација на проектот „Поттикнување на доброто управување и реформите во јавната администрација“. Проектот се фокусира на следење и анализа на постоечките состојби поврзани со ефикасноста на јавната администрација. Воедно, проектот ги следи реформите на јавната администрација согласно стандардите за добро управување, како и квалитетот на работата на институциите. Целта е да се поттикне активна јавна дебата и предизвикување притисок за подобро управување и раководење во администрацијата и креирање на пофункционални јавни институции кои ќе ги пресретнуваат потребите на граѓаните. Проектните активности поддржуваат консултации со пошироки групи во општеството за дизајнирање на добро обмислени структурни реформи во насока на градење на ефикасна, транспарентна и отчетна јавна администрација во Република Северна Македонија.



ЦУП подготви оценка на состојбите со спроведување на Стратегијата за реформа на јавната администрација 2018-2022. Главната цел на оценката беше да се идентификува што е планирано и што е постигнато досега, но и да се даде оценка за фактичка усогласеност на резултатите од спроведувањето со очекувањата на граѓаните.

Проектот изработи извештај за следење на напредокот во областа транспарентност и отчетност, преку анализа на примената на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер и состојбите со активната транспарентност од страна на институциите од јавниот сектор. Беше спроведена длабинска квалитативна анализа на годишните извештаи на Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер за 2019, 2020 и 2021 година во насока на идентификување на клучните интереси на граѓаните во изминатиот период. Во соработка со кабинетот на заменичката на претседателот на Владата задолжена за политики за добро управување и Агенцијата за заштита на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер беше изработено Упатство за подобрување на транспарентноста на институциите од јавниот сектор и во септември 2022 година беше одржана конференција на тема „Подобрување на системот за слободен пристап до информации од јавен карактер“ на која беше промовирано упатството и беа дискутирани најдобрите практики и трендовите за активна транспарентност. Извештајот беше проследен и со низа инфографици и промотивни материјали за подигнување на свесноста за важноста на споменатата област, а и во насока на подобро информирање на граѓаните заради нивно активно вклучување во процесите на креирање на политики и одлучување.

# 9.РЕСУРСЕН ЦЕНТАР ЗА РОДОВО ОДГОВОРНО КРЕИРАЊЕ

**Период на спроведување на проектот: 16.09.2021 - 30.06.2023**

Проектот е финансиран од канцеларијата на UN Women во Скопје

Крајни корисници на проектот е Министерството за труд и социјална политика

**Преку проектот „Ресурсен центар за родово одговорно креирање на политики и буџетирање“, ЦУП ја спроведува програмата за јакнење капацитети на администрацијата на Ресурсниот центар кој функционира во рамки на Министерството за труд и социјална политика.**

Главната цел на проектот е јакнење на капацитетите на административните службеници за вклучување на родовата перспектива во креирањето на политиките и буџетите преку користењето на алатките за родово одговорно буџетирање (РОБ). Главниот пристап на реформата за родово одговорно буџетирање е трансформативно креирање на политики и финансирање, како овозможувачки фактор за имплементирањето на постоечките национални и меѓународни заложби за родова еднаквост и зајакнување на жените.



Главна цел на проектот е поддршка на работата на Ресурсниот центар за градење и развивање на капацитетите на државните службеници во однос на родовите перспективи во креирањето на политики и буџетирање, како и промовирање на родовата рамноправност низ институциите и јавниот сектор.

**Проектот ги испорача следните резултати:**

- Подготвена анализа за системот на градење капацитети за родова еднаквост и родово одговорно буџетирање со препораки за унапредување.

- Изработена онлајн платформа за работата на Ресурсниот центар, која овозможува автоматизирано управување со обуките кои ги спроведува Центарот.
- Подготвена библиотека со ресурсни документи за родова еднаквост и различни специфични родови прашања. Библиотеката содржи над 300 различни типови на документи (законски и стратешки документи, регионални иницијативи, материјали за обуки, прирачници, методологии, анализи и збирки на податоци) и истите може да се пребаруваат по повеќе основи.
- Обучен голем број на административни службеници преку спроведување по две обуки од три изработени модули:
    - Основна обука за род, родова еднаквост и родова перспектива во јавните политики
    - Родово одговорно буџетирање и негово спроведување во секторските политики
    - Родова анализа
- Подготвени и дистрибуирани бројни промотивни материјали за Ресурсниот центар.

# 10.ПРОГРАМА ЗА ПАРЛАМЕНТАРНА ПОДДРШКА

**Период на спроведување на проектот: 01.07.2018 - 31.12.2029**

Проектот е финансиран од Швајцарската агенција за развој и соработка

Краен корисник на проектот е Собранието на Република Северна Македонија

Програмата за парламентарна поддршка дава поддршка на Собранието на Република Северна Македонија во неговите напори за независност преку градење на консензус, структурни реформи и градење на капацитетите за институционален развој на Собранието, неговата законодавна и надзорна улога, институционалната транспарентност и отчетност.

Програмата за парламентарна поддршка е имплементирана од Националниот демократски институт (НДИ), Центарот за управување со промени и Институтот за демократија Социетас цивилис (ИДСЦС) со цел поддршка на стратешкото планирање на Собранието; реформите на системот за управување со човечки ресурси; подобрување на проценката на влијанието на регулативата и процесите за јавни набавки; заложбите за отворени податоци и преку мерење на јавното мислење и мониторирање на реформските напори, вклучително и поголемо учество на јавноста во процесите на креирање политики.

**Главна цел на проектот е** поддршка на Собранието за подобрување на институционалниот кредибилитет и довербата меѓу јавноста преку застапување на интересите и потребите на граѓаните и преку дебата и одлуки до кои ќе се доаѓа на поинклузивен и консензуален начин.



ЦУП работи на унапредување на процесите за управување и работа во Собраниската служба, како и нивна модернизација преку сè поголема дигитализација. Во 2022 година, ЦУП го започна имплементирањето на ЦАФ моделот за управување со квалитет во работењето (трет циклус). Со цел да се продолжи со континуирано подобрување на работата и перформансот на Собраниската служба, а врз основа на одличното искуство

во спроведување на Планот за подобрување од вториот циклус на ЦАФ моделот (2019 – 2020), Собранието на РСМ побара да биде спроведен следен циклус на ЦАФ. Работната група за ЦАФ со 20 службеници беше обучена за важноста од спроведување на овој европски модел за управување со квалитетот во работењето, за начинот на самопроценката од нивна страна и сите 9 критериуми и 28 поткритериуми, а беа одржани и 2 работилници за критериум, 3 - Луѓе и критериум и 4 – Партнерства и ресурси. Во 2023 година ќе се продолжи со реализација на сите планирани работилници по критериумите на ЦАФ.



Во 2022 година беа мапирани и потребите на службата за подобро управување со човечките ресурси во инклузивен процес со вработените кои работат на оваа област, по што се започна со изработка на интерни акти за уредување на дел од процесите. Воедно, во насока на подигање на свеста за потребата за примена на етички правила во работењето, ЦУП организира обука по деловен и дипломатски протокол и етикеција за службениците во Собранието на Република Северна Макеоднија. Обуката беше фасилитирана од страна на меѓународен консултант по етикеција и протокол, за време на која беа опфатени темите Правила на пресеанс и начини за справување со сивите зони во пресеансот, Културните разлики во дипломатскиот протокол и избегнување на недоразбирања, Трендови во интерниот и екстерниот протокол на ЕУ, Правилно користење на знамиња и титулирање.




Во однос на дигитализацијата на работата на Собранието, ЦУП учествува во редизајнирањето на процесите за нивно автоматизирање, комуникација со граѓаните преку веб-страницата на Собранието и Собранискиот ТВ канал, како и идентификување на сите потреби во ИКТ сферата преку изработка на ИКТ стратегија за Собранието.

# GET SOCIAL with US

## Следете нè на социјалните мрежи



# ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ

# ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ ЗА ПЕРИОД

# 01.01.2022 - 31.12.2022

Здружение „ЦЕНТАР ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ПРОМЕНИ" ЦУП Скопје
Ул. Рајко Жинзифов 44/1, Центар, Скопје
Единствен даночен број 4057009501580

| | | |
|---|---|---|
| **ПРИХОДИ** | | |
| Вкупно приходи | **MKD** | **69.562.789** |
| **РАСХОДИ** | | |
| Вкупно расходи | **MKD** | **32.029.477** |
| | | |
| Данок на вкупен приход од сопствена дејност | MKD | - |
| **Наменски средства од проекти за 2023 година** | **MKD** | **37.533.312** |

Овластен застапник на здружението

--------------------------------

Неда Малеска Сачмароска
Извршен директор

## Биланс на состојба

## (извештај за финасиската состојба) на ден 31.12.2022 година

Здружение „ЦЕНТАР ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ПРОМЕНИ“ ЦУП Скопје
Ул. Рајко Жинзифов 44/1, Центар, Скопје
Единствен даночен број 4057009501580

| | | | |
|---|---|---|---|
| **СРЕДСТВА** | | | |
| Тековни средства | Вкупно Тековни средства | MKD | 35.431.709 |
| Фиксни средства | Вкупно Фиксни средства | MKD | 7.602.959 |
| | Вкупно останати средства | MKD | 7.582.964 |
| **Вкупни средства** | | MKD | 50.617.632 |
| **ОБВРСКИ И ИЗВОРИ НА ДЕЛОВНИ СРЕДСТВА** | | | |
| Тековни обврски | Вкупно обврски | MKD | 2.834.726 |
| Капитал | Вкупно деловен фонд и наменски средства | MKD | 47.782.906 |
| **Вкупно обврски и извори на деловни средства** | | MKD | 50.617.632 |

Здружение за развој ЦЕНТАР ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ПРОМЕНИ СКОПЈЕ

Овластен застапник на здружението

----------------------------------
Неда Малеска Сачмароска
Извршен директор

ECOVIS®
AUDIT MACEDONIA
1-1/10 Anton Popov, P.O. Box 462
1000 Skopje, Republic of Macedonia
**Phone:** +389 2 2 463 140
**Fax-No:** +389 2 2 462 063
**E-mail:** contact@ecovis.mk
**www.ecovis.com**

# Извештај на независниот ревизор

## До Раководството на Здружение за развој ЦЕНТАР ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ПРОМЕНИ

Ние извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи од Годишната сметка на Здружението за развој ЦЕНТАР ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ПРОМЕНИ Скопје (во понатамошниот текст ЦУП), кои што го вклучуваат Билансот на состојба на ден 31 декември 2022 година и Билансот на приходи и расходи, како и објаснувачките белешки и прегледот на значајните сметководствени политики за годината што завршува на тој датум.

***Одговорност на Раководството за финансиските извештаи***

Раководството е одговорно за изготвување и објективно презентирање на овие финансиски извештаи согласно Законот за сметководство на непрофитни организации. Оваа одговорност вклучува: креирање, имплементирање и одржување на внатрешна контрола релевантна за изготвување и објективно презентирање на такви финансиски извештаи кои не содржат материјално значајни погрешни прикажувања било како резулатат на измама или грешка; избор и примена на соодветни сметководствени политики и донесување на разумни сметководствени проценки соодветни на околностите.

***Одговорност на ревизорот***

Наша одговорност е да изразиме мислење за овие финансиски извештаи врз основа на извршената ревизија. Ние ја извршивме ревизијата во согласност со Меѓународните Стандарди за Ревизија кои што се прифатени во Република Северна Македонија. Тие стандарди бараат наша усогласеност со етичките барања, како и тоа ревизијата да ја планираме и извршуваме на начин кој ќе ни овозможи да стекнеме разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешно прикажување.

Ревизијата вклучува спроведување на процедури со цел стекнување ревизорски докази за износите и објавувањата во финансиските извештаи. Избраните процедури зависат од проценката на ревизорот, и истите вклучуваат проценка на ризиците од материјално погрешно прикажување во финансиските извештаи, без разлика дали тие се настанати поради измама или грешка.При овие проценки на ризиците, ревизорот ја зема во предвид внатрешната контрола релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи на ЦУП со цел креирање на



MEMBER OF THE
FORUM OF FIRMS

ECOVIS®
AUDIT MACEDONIA
1-1/10 Anton Popov, P.O. Box 462
1000 Skopje, Republic of Macedonia
**Phone:** +389 2 2 463 140
**Fax-No:** +389 2 2 462 063
**E-mail:** contact@ecovis.mk
**www.ecovis.com**

такви ревизорски процедури кои ќе бидат соодветни на околностите, но не и за целта за изразување мислење за ефективноста на внатрешната контрола на ЦУП. Ревизијата, исто така вклучува и оценка на соодветноста на применетите сметководствени политики и на разумноста на сметководствените проценки направени од страна на Раководството како и оценка на севкупната презентација на финансиски извештаи.

Ние веруваме дека стекнатите ревизорски докази се достатни и соодветни за да обезбедат основа за нашето ревизорско мислење.

***Мислење***

Наше мислење е дека финансиските извештаи на ЦУП, во сите материјално значајни аспекти, ја презентираат реално финансиската состојба на ЦУП на ден 31 декември 2022 година, како и нејзината финансиска успешност, за годината што завршува на тој датум, во согласност со Законот за сметководство на непрофитни организации.

Скопје, 29 мај 2023 година
Овластен ревизор,
Елена Адамова

ECOVIS® AUDIT MACEDONIA
Друштво за ревизија
ЕКОВИС АУДИТ МАКЕДОНИЈА
ДОО Скопје

ДРУШТВО ЗА РЕВИЗИЈА
ЕКОВИС АУДИТ МАКЕДОНИЈА ДОО Скопје
Управител
Кирил Андоновски





| РЕВИЗОРСКИ ИЗВЕШТАЈ | | |
|---|---|---|
| ДАТУМ | ОЗНАКА | БРОЈ |
| 29.05.2023 | Е.А | 05-4/53 |